МРТ
**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
**www.mrt.com.mk**

Врз основа на член 124 став 1 алинеја 5 од Законот аудио и аудио визуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ.бр.184/13; 13/14, 44/14; 101/14; 132/14; 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24,193/24 и 247/25), и член 43 став 1 алинеја 5 од Статутот на ЈРП МРТ, а во врска со распишаниот Јавен конкурс за избор на Директор на ЈРП МРТ бр.02-1655/3, објавен на ден 24.03.2026 година, Програмскиот совет на МРТ на својата 40-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, ја донесе следнава:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-2340/2
23-04-2026 20 год.
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА
### за избор на Директор на МРТ

I. За Директор на ЈРП Македонска радио телевизија е избран Зоран Ристоски од Скопје, дипломиран правник.

II. Директорот на МРТ се избира за период од 3 (три) години со можност за повторен последователен избор.

III. Функцијата Директор на МРТ Зоран Ристоски ќе почне да ја извршува од 24.04.2026 година.

IV. Односите помеѓу Директорот на МРТ и ЈРП МРТ ќе се уредат со посебен Договор.

V. Тужбата не го одлага извршувањето на оваа одлука.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 24.03.2026 година се распиша Конкурс за избор на Директор на МРТ, според условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ. Во објавениот јавен конкурс беше наведено дека Директорот се избира за период од три години со можност за повторен последователен избор, и кои услови треба да ги исполнат кандидатите кои ќе аплицираат на јавниот конкурс.

Конкурсот траеше 15 работни денови и беше објавен на програмите на МРТ, на интернет - страницата на МРТ и во два дневни весника во Република Северна Македонија од кои еден на македонски јазик и еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.

По завршување на јавниот конкурс и рокот од 15 работни денови, се одржа седница на Програмскиот совет на МРТ и беа разгледани пристигнатите пријави на кандидите кои аплицирале на јавниот конкурс.

Кандидатите на јавниот конкурс кон пријавата ги приложуваат соодветните докази за исполнување на условите во посебен коверт (Коверт 1), на кој е наведена шифра избрана од кандидатот. Програмата за работа за мандатниот период за кој се конкурира беше доставена во одделен коверт (Коверт 2), означен со истата шифра и со назнака „Програма“, без други податоци што овозможуваат идентификација на кандидатот.

По разледување на програмите за работа на кандидите кои се пријавиле на јавниот конкурс и по извршено гласање од страна на членовите на Програмскиот совет беше избран кандидатот Зоран Ристоски кој доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

Програмскиот совет утврди дека избраниот кандидат понудил најдобро оценета програма за работа, заснована врз јасни развојни приоритети и реални мерки за унапредување на работењето на јавниот сервис.

Во програмата се содржани приоритети за унапредување на програмските сервиси, развој на сопствената продукција, зајакнување на дописничката мрежа, дигитална трансформација, технолошка модернизација, финансиска стабилност, како и унапредување на кадровските капацитети и професионалниот развој на вработените.

При оценувањето, Програмскиот совет ги имаше предвид и стручните квалификации на кандидатот, релевантното работно и раководно искуство, професионалните компетенции, организациските и менаџерските способности, како и капацитетот за успешно управување, развој и унапредување на Македонската радио-телевизија.

При увидот беше констатирано дека доставената документација е навремена, комплетна и уредна, како и дека кандидатот ги исполнува сите пропишани услови за избор утврдени во член 130 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 61 од Статутот на ЈРП МРТ.

Имајќи предвид дека кандидатот доби мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет, Советот одлучи истиот да биде избран за Директор на МРТ.

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Зоран Ристоски;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Сектор за финансиско работење;
- Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО;
- Архивата на МРТ.

Програмски совет на МРТ

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
Скопје

Давор Пашоски
Претседател

Изготвил: Е. К. Стојановска